38279

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# ПОСТОЈАНАТА ПОСТАВКА ВО НОВО РУВО

**● ЗА УТРЕ НАПЛАДНЕ Е ЗАКАЖАНО СВЕЧЕНОТО ОТВОРАЊЕ НА ОСВЕЖЕНАТА ПОСТАВКА, НА КОЈА АКЦЕНТ Е ДАДЕН НА СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО**



ПАБЛО ПИКАСО: „ГЛАВА НА ЖЕНА"

Музејот на современа уметност во Скопје, за утре, напладне, го закажува свеченото отворање на својата нова постојана поставка.

Поставката се очекува да ја отвори министерот на култура д-р Цветан Грозданов, а на неа ќе бидат застапени 223 слики и скулптури, што со строга селекција кустосите од Музејот ги одбраа од 4235 дела колку што вкупно брои нивната збирка.

Со освежената поставка, всушност МСУ востановува еден сосем поинаков принцип во својата музеологија. Имено, ако досега пред окото на јавноста беа изложени дела од светската и домашната колекција, по некој дидактички принцип (да се презентираат многубројните стилски насоки во уметноста од 20 век), при што се правеше компромис за изложување на подарените дела, сега, покрај тоа што е застапена меѓународната и југословенската уметност, акцент е даден пред сè на македонската ликовна уметност.

– Веќе подолго време, повеќе од јасно беше дека донациите се минато, вели кустосот Зоран Петровски. Дела од светот, упатени на адресата на нашиот Музеј, речиси престанаа да пристигнуваат, и кога стана очебијно дека странската и југословенската колекција, веќе можеме да ја сметаме за затворена, одлучивме нив да ги презентираме единствено по нивниот квалитет, а акцент дадовме пак на македонската ликовна уметност. Така, од меѓународната колекција се застапени 52, од југословенската 44, а од македонската 118 дела.

Музејот на современа уметност, очигледно, со својата нова поставка, не само што ѝ дава примат на македонското современо ликовно творештво, проследувајќи го неговиот историски развој, (застапени се сите генерации македонски ликовни творци), ами и натаму токму домашното творештво ќе биде во фокусот на интересирањето на овој Музеј. Колекцијата ќе се збогатува, а оној што ќе зачекори во неговите изложбени сали, покрај тоа што ќе види дела на некои звучни имиња од светот (Пикасо, Калдер, Вазарели, Хартунг...) ќе има можност да се запознае и со растежот на уметноста создавана на ова тло.

В. С.

## ...А ПРОГРАМА

...ремена умет-
... денес, па во
...ена, организи-
...ма насловена
...фотографија-
...
...почеток во 18
...лата на овој

Музеј ќе се одржува проекција на француската филмска кусометражна продукција која ја третира фотографијата како медиум, чии автори се познати француски режисери: Жан Лик Годар, Ањес Вајда, Крис Маркер, Раул Руиз и други.

В. С.



8621